## Број на вработени: 11 лица




**Податоците се превземени од официјалниот сајт на општината**


## Контакт информации:

e-mail:loksamouprava@opstinarosoman.gov.mk
opstrosoman@yahoo.com
тел.+ 389 43 441 443


## Градоначалник Бранко Јанев

Информативната брошура е издадена во рамките на проектот „Активни рурални жени, силни заедници“ кој се имплементира со финансиска поддршка на ЕИЖ.

EWI-EIŽ

Финансирано од Екуменска иницијатива на жени од Р. Хрватска

@zensko_lobidk

https://www.facebook.com/zensko.lobi

*ОЖ Женско лоби Демир Капија*

# Работата на Локалната самоуправа

**Општина Росоман**

# Надлежности на локалната самоуправа

•Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобренија за градење на објекти од локално значење утврдени со Закон, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште;

•Заштита на животната средина и природата;

•Локален економски развој;

•Комунални дејности ( водоснабдување, јавно осветлување, управување со отпад, одржување на јавна чистота, паркови и зеленило и сл.);

•Социјална и детска заштита ( детски градинки и домови за стари, остварување на социјална грижа за и нвалидни лица, деца без родители и родителска грижа со воспитно - социјални проблеми, деца со посебни потреби, лица изложени на социјален ризик, домување на лица со социјален ризик);

•Образование, во смисла на основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт, во согласност со закон, како и организирање на превоз и исхрана на ученици;

•Култура, во смисла на институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање на културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво;

•Спорт и рекреација, во смисла на развој на масовен спорт и рекреативни активности, организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградба на објекти за спорт, како и поддршка на спортски сојузи;

•Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјални добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последици предизвикани од нив;

•Други работи определени со закон.

# Буџет на општина Росоман 2021 г.
# 108.891.000 мкд

**Уредување на градежно земјиште** 50.000 мкд

**Изградба на сообраќајна сигнализација** 60.000 мкд

**Локален економски развој** 100.000 мкд

**Изградба на комерцијални објекти** 120.000 мкд

**Урбана опрема и нејзино одржување** 870.000 мкд

**Водоснабдување** 250.000 мкд

**Спорт и рекреација** 315.000 мкд



**Јавна чистота, паркови и зеленило** 845.000 мкд

**Градоначалник** 1.427.000 мкд

**Совет на општина** 1.636.000 мкд

**Изградба на систем за водоснабдување** 3.750.000 мкд

**Детска градинка** 7.441.000 мкд

**Општинска администрација** 11.357.000 мкд

**Образование** 42.442.000 мкд

